„ПАКОМАК“ ЧЛЕН НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА МРЕЖА

# ОТПАДОТ ЈА ЗАЧЛЕНИ МАКЕДОНИЈА ВО „ПРОЈУРОП“

## РЕЦИКЛИРАЊЕ

*Најдоцна до 30 јуни сите компании ќе мора да најдат начин како ќе го рециклираат својот отпад. Имаат две опции- селектирањето и рециклирањето на отпадот да го доделат на „Пакомак“ или сами да се грижат за отпадниот материјал*

Непрофитната македонска компанија „Пакомак“ стана дел од интернационалната мрежа за управување со амбалажен отпад „Пројуроп“, во кој членуваат компании од 32 европски земји и Канада. Членството во „Пројуроп“ значи право на лиценца за користење на општоприфатениот симбол „грин дот“, а тоа значи дека компанијата има платено финансиски надомест на лиценцирана компанија за управување со амбалажниот отпад, и дека истата ги почитува еколошките стандарди дефинирани со закон, а според директивите на ЕУ. Но, кај македонските компании е слаб интересот за решавање на проблемот со амбалажниот отпад. Најдоцна до 30 јуни сите компании ќе мора да најдат начин како ќе го рециклираат својот отпад. Имаат две опции- селектирањето и рециклирањето на отпадот да го доделат на „Пакомак“ или сами да се грижат за отпадниот материјал. Доколку не го решат проблемот ќе плаќаат пенали на државата. Како причина за слабиот одзив изминативе шест месеци се наведува неинформираноста. „Според Законот, Пакомак треба да соработува со локалните самоуправи и да ја подигне постоечката инфраструктура во општините, преку поставување посебни контејнери, заедничко вложување во комунална опрема, со цел да се подигне капацитетот на локалната самоуправа за собирање повеќе отпад и негово селектирано собирање. Но, главна пречка во тоа ни е неинформираноста на засегнатите страни за законот за управување со овој отпад“, вели Филип Ивановски од „Пакомак“. Од интернационалната мрежа за управување со амбалажен отпад овој закон го правдаат со намалување




на дивите депонии и отварање н
нови работни места. Предлагаа
и граѓаните да се приклучат кон
акцијата за селектирање на отп
"Задача на Пакомак е да излезе
улица и да им каже на граѓаните
зошто треба да ги делат амбала
и како. Ни велат да не возиме
автомобил, ама не можеме да с
откажеме од тоа, ни велат пома
да купуваме, ама не се откажува
ниту од тоа. Со еден тон рецикл
материјал се заштедува еден то
јаглероден диоксид. Секој мож
да помогне, а општините се тие
што се блиски до граѓаните и ти
се одговорни за поставување н
контејнерите и за подигнување
на јавната свест“, нагласува
Христијан Штиглиц од „Пројуро
Генералниот менаџер на „Проју
Јоаким Кводен, вели дека члено
на „Пакомак“ во оваа мрежа зн
дека европските принципи ќе с
применуваат и во Македонија.
„Сите членови на Пројуроп
се обврзани да и ја дадат на
„Пакомак“ неопходната експер
и да го оживеат концептот на
одговорен производител во
Македонија. Само во 2009 годи
42 милијарди тони амбалажа е
повратена и околу 25 милиони т
еквивалент на јаглероден диок
зачуваваме. Затоа е важно да с
реши проблемот со амбалажни
отпад“, истакна Кводен.